# Реформа на казнениот систем и родот

СОДРЖИНА

Зошто родот е важен за реформата на казнениот систем?

Како може родот да се вклучи во реформата на казнениот систем?

Постконфликтни предизвици и можности

Прашања за реформата на казнениот систем

Повеќе информации

Постои висока свест дека реформата на безбедносниот сектор (РБС) треба да одговори на различните безбедносни потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата. Вклучувањето на родовите прашања исто така е клучно за ефикасноста и одговорноста на безбедносниот сектор и за домашната сопственост врз реформите и легитимноста на процесите на РБС.

Оваа практична белешка дава кус вовед во придобивките од вклучувањето на родовите прашања во реформата на казнениот систем, како и практични информации како да се стори тоа.

Оваа практична белешка е заснована на подолга Алатка, и обете се дел од **Збирката алатки за родот и РБС**. Осмислена со цел да пружи вовед во родовите прашања за практичарите и креаторите на политики во РБС, Збирката опфаќа 12 Алатки со соодветни Практични белешки – види во Повеќе информации.

## Зошто родот е важен за реформата на казнениот систем?

**Реформата на казнениот систем** е работата која се извршува за да се смени казнениот систем и да се доведе во линија со владеењето на правото и со меѓународната рамка за човековите права. Нејзина цел е да обезбеди казните да бидат пропорционални, недискриминирачки и рехабилитативни, и да ги претвори затворските институции во места кои го почитуваат човечкото достоинство на личностите и да осигура дека затворениците ги уживаат нивните законски права[1].

**Родот** се однесува на улогите и односите, личните карактеристики, ставови, однесувања и вредности кои општеството им ги припишува на мажите и на жените. Оттаму поимот „род“ се однесува на научените разлики меѓу мажите и жените, додека поимот „пол“ се однесува на биолошките разлики меѓу мажите и жените. Родовите улоги во и меѓу културите се многу различни и можат да се сменат со текот на времето. Зборот род не се однесува само на жените или мажите туку и на односот меѓу нив.

### Стандарди на човековите права

- Казнените институции треба да ги достигнат меѓународните и националните стандарди на човековите права, кои бараат сите оние на кои им е одземена слободата да бидат третирани со „човечност и почитување на достоинството својствено за луѓето“.
- Да се спречи и да се одговори на сексуалното насилство во затворските средини, вклучувајќи го и тоа извршено од затворскиот персонал.

### Недискриминаторска казнена политика

- Да се обезбеди казнената политика и процедурите да ги одразуваат и да одговараат на посебните потреби на машките и женските затвореници, како и на младите, децата и другите маргинализирани групи.

### Рехабилитација на затворениците

- Да се обезбеди иницијативите за рехабилирација и реинтеграција да ги опфаќаат и задоволуваат потребите и капацитетите на затворениците и на затвореничките, како и реалноста на општеството во кое живеат, без да се загрози универзалноста на стандардите за пристојност и достоинство.

### Јавно здравство

- Да се промовира подобро јавно здравство преку третирање на сексуално преносливите болести меѓу затворениците и затвореничките и обезбедување соодветна услуга за репродуктивното здравје на затвореничките, вклучувајќи ги оние кои се бремени.

Овој документ беше првично објавен во 2008 година како “Toolkit on Gender and Security Sector Reform” од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Центарот за демократска контрола врз оружените сили од Женева (DCAF) и Меѓународниот институт за истражување и обука за унапредување на жените на Обединетите нации (УН-ИНСТРАВ).

| Пример 1 | Здравствена грижа за затворениците |
|---|---|

Индиската асоцијација за реформа на затворскиот систем и правда (ПРАЦА) организираше еднонеделни Здравствени кампови во два затвори во Хајдерабад и Раџахмундуру, како дел од програмата за промовирање на менталното здравје и грижа за жените во затвор. Здравствените кампови им ги направија на сите жени и деца во затвор достапни следниве услуги: проверка на општата состојба и преглед, вклучувајќи мерење крвен притисок, гради, кожа, височина/тежина/состојба на здравјето, проверка на крвта, преглед на забите, уво/нос/грло преглед, гинеколошки преглед, препораки за лекови и исхрана, одговарање на прашања за физички и психолошки проблеми. Проектот за здравствени кампови на ПРАЦА покажува како, дури и во многу сиромашни земји, можат да се изнајдат методи за да се овозможат основните права со влез на ограничени ресурси.

**Поддршка на мажите и жените како вработени во затворскиот систем**

- Да се промовира целосно учество и на мажите и на жените како вработени во казнениот сектор.
- Соодветно да се спречи и да се одговори на сексуалното вознемирување на персоналот во затворите.

**Почитување на обврските од меѓународните закони и инструменти**

Преземањето иницијатива за вклучување на родовите прашања во реформата на казнениот систем не е само прашање на оперативна ефикасност; тоа е исто така неопходно заради почитување на меѓународните и регионалните закони, инструменти и норми во врска со безбедноста и родот. Меѓу клучните инструменти спаѓаат:

- *Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација кон жените (1979)*
- *Принципи за заштита на сите лица под каква било форма на притвор или затвор (1988)*

За повеќе информации, ве молиме погледнете го Прилогот за меѓународните и регионалните закони и инструменти во Збирката алатки.

## Како може родот да се вклучи во реформата на казнениот систем?

### Проценка

Извршете родова проценка на затворскиот систем. Распределете ги сите податоци (најмалку) според пол, возраст и етничка припадност. Проценката треба да ги провери:

- ✓ Применливата легислатива
- ✓ Казнената политика и процедури и за затворениците и за затвореничките
- ✓ Опфатот на програми и услуги достапни за мажите и жените
- ✓ Пристап до здравствените услуги
- ✓ Податоците за нивото на родово насилство (РН) во затворите
- ✓ Паритетната застапеност на мажите и жените меѓу затворскиот персонал
- ✓ Кодексите на однесување кои се во сила, а со кои се регулира однесувањето на затворскиот персонал
- ✓ Присуството на механизми за поплаки и надзор за да се набљудува придржувањето кон политиките, процедурите и кодексите на однесување

### Родово одговорни политики и процедури

- Проценете ги казнените политики и процедури од родова перспектива за да се осигурате дека тие се пропорционални, недискриминаторски и одговараат на различните потреби и на затворениците и на затвореничките. Особено, осигурајте се дека жените не се соочуваат со дискриминација во предсудскиот притвор или безбедносна класификација.
- Обезбедете дека затворениците и затвореничките се затворени блиску до нивните семејства и дека се во сила мерки за поддршка на редовните семејни контакти.
- Обезбедете пристап до здравствена нега за затворениците и за затвореничките (види Пример 1), вклучувајќи пристап до докторка за затвореничките и до грижа за репродуктивното здравје, како и независни услуги за ментално здравје.
- Осигурете се дека потребите за физичкото и менталното здравје на трудниците, мајките - доилки и децата се согледани и задоволени.

### Спречување и одговор на РН

- Востановете кодекси на однесување во однос на сексуалното вознемирување, дискриминацијата и РН од страна на затворскиот персонал, и механизми за доверливо пријавување.
- Востановете легислатива, протоколи и процедури за справување со РН меѓу затворениците, опфаќајќи мерки за спречување и за казнување, како и протоколи за грижа и упатување на жртвите (види Пример 2).
- Обезбедете присуство на соодветен и обучен персонал за справување со родово чувствителните прашања како сексуалната злоупотреба и други форми на РН.
- Создадете култура на нула - толеранција за сексуалното вознемирување, злоупотреба и несоодветно однесување од страна на затворскиот персонал и промовирајте култура на почитување на правата на затворениците, вклучувајќи го и правото на придобивки какви што се брачните посети, без оглед на полот, сексуалната ориентација или етничката припадност.

### Механизми за надзор и поплаки

- Востановете национални внатрешни и надворешни механизми и тела за надзор вклучувајќи системи за независни инспекции и јасно известување и документација:
  - Инспекциски тимови со инспектори и инспекторки, како и инспектори со експертски знаења за родовите прашања, за да се придобие довербата на сите затвореници и соодветно да се третираат проблемите како на пример РН.
  - Вклучете здравствени специјалисти во инспекциските тимови за да ги проценат затворските објекти и процедури.
- Создадете родово одговорни внатрешни механизми за поплаки:
  - Осигурете се дека процедурите за поплаки се достапни, што е можно подоверливи, и дека затворениците се заштитени од репресалии.
  - Поплаките прегледувајте ги независно за да се заштитат затворениците и затвореничките од злоупотреби на човековите права, како и затворскиот персонал од лажни обвинувања.
  - Осигурете се дека неписмените затвореници исто така можат целосно да ги разберат и да пристапат до механизмите за поплаки.

| Пример 2 | Елиминирање на затворското силување |
|---|---|

Во САД, невладината организација Стоп за затворското силување со години води кампања против оваа злоупотреба. Во 2003 година Актот за елиминирање на затворското силување стана Закон. Законот бара собирање национални статистички податоци за силувањата во затворите во САД, изготвување упатства согласно кои државите ќе се справуваат со силувањето затвореници, востановување панел за ревизија кој ќе одржува годишни расправи и обезбедување грантови за државите за борба со проблемот. Оценката за првите три години откако актот стана Закон покажува значителен напредок на работата за намалување на затворското силување преку:

- Креирање политики (наместо тајност и порекнување)
- Спречување (преку повнимателно сместување на затворениците, помала пренатрупаност и образование на затворениците)
- Истрага и гонење
- Услуги за жртвите
- Обука на персоналот
- Соработка со незатворски агенции

### Родова обука

Спроведете родова обука со сиот затворски персонал опфаќајќи теми какви што се:

- Човековите права на затворениците и соодветен третман на мажите, жените, момчињата и девојчињата во затвор.
- Спречување и соодветен одговор на РН, вклучувајќи го и силувањето на мажите
- Здравствена заштита и хигиена за затвореничките, обезбедувајќи потрепштини како санитарни влошки и соодветни тоалети.
- Специфичните потреби на ранливите групи затвореници какви што се бремените жени и мајките на мали деца кои исто така живеат во затворот.
- Потребите на затвореничките пред и при пуштањето, вклучувајќи безбедно домување, поддршка за повторното обединување на семејството и обука за оспособување.

### Зголемено учество на жените и на организациите на граѓанското општество

- Зголемете го регрутирањето, задржувањето и напредувањето на жените во затворскиот персонал.
- Во соработка со организациите на граѓанското општество обезбедете им на затвореничките услуги, како на пример професионално и доверливо советување (види Пример 3).
- Вклучете го граѓанското општество, особено организациите на жените, во процесите на реформа на казнениот систем:
  - Изградете поддршка од јавноста за реформата на казнениот систем, работејќи со парламентот, граѓанското општество и медиумите.
  - Соработувајте со организациите на граѓанското општество за да се подигне свеста и да се изгради внатрешниот капацитет за родовите грижи во казнениот систем.
  - Изградете го капацитетот кај организациите на граѓанското општество за да го набљудуваат казнениот систем од родова перспектива.

**Исто така достапно во Алатка 5...**

- Примери и совети за родово одговорна инспекција и процедури за поплаки
- Размисли за подобрување на можностите за посети во затворот
- Зачувување на човечкото достоинство во казнениот систем
- Протокол од 12 чекори за одговор на и истрага за тврдења за сексуален напад
- Задоволување на потребите на трудниците и младите мајки

## Постконфликтни предизвици и можности

Во постконфликтен контекст, повторната изградба на казнениот систем се смета за понеприоритетна во споредба со другите потреби за реконструкција. Во ваков контекст, внесувањето на родовите прашања во реформата на казнениот систем, често пати добива неадекватно внимание и поддршка. Оттаму, важно е да се обезбеди дека административното тело кое ја контролира државата ја разбира потребата од родово одговорни објекти за затворање.

### Предизвици при вклучувањето на родовите прашања

- Затворите може да имаат многу лош имиџ кај јавноста поради затворање без судење, силување, мачење и егзекутирање.
- Претходниот затворски систем можеби бил дисфункционален, можеби не биле применети принципите на владеење на правото и родовата еднаквост можеби била непознат концепт. Затворот, исто така, можеби бил управуван од полицијата или од војската, спротивно на добрата практика на човековите права.

### Можности за вклучувањето на родовите прашања

- Повторната изградба може да биде можност за поддршка на востановувањето систем во кој ќе има помалку злоупотреби, ќе биде родово поодговорен и во кој луѓето ќе имаат повеќе доверба.
- Постконфликтната средина може да даде можност да се спроведе попис и процес за идентификација за да се утврди точниот број и идентитетот на личностите на платниот список на затворскиот систем, проследено со процес за проверка за да се идентификуваат оние вработени за кои се тврди дека се извршители на тешки кршења на човековите права.

| Пример 3 | Ангажирање на граѓанското општество |
|---|---|

Во Јемен, Националниот комитет на жените промовира дијалог со одлучувачите за да осигура правда за жените. До неодамна, на затвореничките кои ја отслужиле казната им беше забрането да го напуштат затворот доколку старател-маж не дојдеше да ги земе. Националниот комитет на жените изврши притисок врз Министерството за внатрешни работи и ова правило беше сменето. Унијата на жените во Јемен има 36 адвокати – волонтери кои им пружаат бесплатна правна помош на сиромашните жени во затворите, судовите и во полициските станици. Како резултат на нивната правна помош, 450 затворенички беа ослободени во 2004 и 2005 година[2].

## Прашања за реформа на казнениот систем

Еден од најдобрите начини да се идентификуваат влезните точки, предностите и слабостите за вклучување на родовите преспективи во реформата на казнениот систем е да се спроведе проценка. Подолу се дадени примери за прашања врзани за родот кои е важно да се опфатат при процесите на проценка, набљудување и оценка на реформата на казнениот систем.

- Дали се во сила родово одговорни закони, политики и процедури кои соодветно се справуваат со прашањата какво што е затворското силување?
- Дали постојат независни надворешни тела за надзор и набљудување кои ефикасно ги набљудуваат сексуалното вознемирување, дискриминацијата, силувањето и другите форми на РН?
- Дали процесот на чување податоци овозможува да се извлечат заклучоци за третманот на различните групи? Дали статистичките податоци се распределени според пол, возраст и етничка припадност? Дали податоците им се достапни на јавноста, медиумите и на владините тела за надзор?
- Дали и затворениците и затвореничките имаат соодветен пристап до здравствена грижа? Каква заштита е обезбедена за менталното и физичкото здравје на трудниците, мајките-доилки и децата?
- Како е обезбеден контактот со семејството за затворените мажи и жени?
- Дали затворскиот систем има посебни иницијативи за спречување и одговор на РН, како на пример обезбедување услуги за жртвите на РН?
- Дали затворскиот персонал има поминато низ обука за родови прашања која опфаќа и посебна обука за сексуално вознемирување, силување и други форми на сексуално насилство?
- Дали мажите и жените се пропорционално застапени меѓу затворскиот персонал? Дали жените се на надзорни и управувачки позиции? Дали се преземени иницијативи за зголемување на регрутирањето, задржувањето и напредувањето на женскиот персонал?
- Дали граѓанското општество е вклучено во активностите за проценка, креирање политики, набљудување и надзор во затворите?

## Повеќе информации

### Извори


Bastick, M. – ***Women in Prison: A Commentary on the Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners, Quaker United Nations Office,*** 2005.

OECD-DAC – ***OECD DAC Handbook on Security System Reform: Supporting Security and Justice,*** 2007.

ICRC – ***'Part II Women Deprived of their Freedom', Addressing the Needs of Women Affected by Armed Conflict,*** 2004.

International Centre for Prison Studies – ***A Human Rights Approach to Prison Management,*** 2002.

International Centre for Prison Studies – ***Guidance Notes on Prison Reform,*** 2005.

The Urban Institute – ***Addressing Sexual Violence in Prisons: A National Snapshot of Approaches and Highlights of Innovative Strategies Final Report,*** 2006.


### Организации

International Centre for Prison Studies – www.prisonstudies.org

Penal Reform and Justice Association (India) – www.prajaindia.org/prajainaction.html

Penal Reform International – www.penalreform.org

Quaker Council for European Affairs, Women in Prison – www.quaker.org/qcea/prison/index.html

Stop Prisoner Rape – www.spr.org

Women's Prison Association – www.wpaonline.org

### Збирка алатки за родот и РБС

1. Реформа на безбедносниот сектор и родот
2. Реформа на полицијата и родот
3. Реформа на одбраната и родот
4. Реформа на правосудниот систем и родот
5. Реформа на казнениот систем и родот
6. Гранично управување и родот
7. Парламентарен надзор врз безбедносниот сектор и родот
8. Креирање на политиката за национална безбедност и родот
9. Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот
10. Приватни воени и безбедносни компании и родот
11. Проценка, набљудување и оценка на РБС и родот
12. Родова обука за кадарот во безбедносниот сектор

Прилог за меѓународните и регионалните закони и инструменти

Секоја од овие алатки и практични белешки е достапна преку: www.dcaf.ch, www.un-instraw.org and www.osce.org/odihr.


**Оваа Практична белешка беше подготвена од Ана Корнеева од УН-ИНСТРАВ, врз основа на Алатка 5 чиј автор е Меѓународниот центар за студии на затворот.**


[1] Coyle, A., A Human Rights Approach to Prison Management: Handbook for Prison Staff, (International Centre for Prison Studies: London), 2002.

[2] Oxfam, 'Yemen Programme Overview'. http://www.oxfam.org.uk/what_we_do/where_we_work/yemen/programme.htm